**УДК 316.722-027.542 (497.7) (496.5)(063)**

**Павковиќ Елизабета (Скопје, Македонија)**

# СТУДЕНТСКА АКАДЕМСКА МРЕЖА „ПРЕМИНУВАЊЕ НА ГРАНИЦИТЕ“

VI студентска конференција за етнолошки и антрополошки проблеми, меѓугранична соработка и интелектуална размена

## „ПРОМИСЛУВАЈЌИ ГИ БАЛКАНСКИТЕ ИДЕНТИТЕТИ – ДИНАМИКИ НА ПРОСТОР И ВРЕМЕ“

**(22–25. 5. 2008 год., Корча, Албанија)**

Шестата меѓународна конференција на студенти по етнологија, антропологија, фолклористика и други сродни дисциплини – „Преминување на границите“ („Border Crossings“) се одржа во Корча, Албанија, во периодот од 22 до 25 мај, 2008 година. Централна тема на годинашниов собир беше: „Промислувајќи ги балканските идентитети – динамики на простор и време“.

На конференцијата зедоа учество повеќе од сто студенти на додипломски и постдипломски студии од 18 универзитети од Албанија, Словенија, Франција, Романија, Македонија, Турција, Германија, Ерменија и Грција. Следејќи ја востановената практика, работата на конференцијата се одвиваше во претпладневни и попладневни сесии на кои беа презентирани текстови на учесниците, организирани во следниве тематски целини:

прв ден:

- Динамики на простор;
- Етнографски проучувања на Албанија;
- Истражувања на Балканот;

втор ден:

- Временски динамики и идентитети;
- Телесни искуства;
- Миграции во време и простор.




Повеќето текстови беа проследени со презентации во Пауер поинт (Power Point) и инсерти од анализираните играни или документарни филмови. Исто така беа прикажани и неколку студентски документарни филмови. По завршетокот на секоја сесија следеше дискусија со коментари и конструктивни забелешки. Од Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, Скопје, на оваа конференција учествуваа Емилија Николова со текст под наслов „Идентитетот на унијатите католици со источноправославен обред во Македонија“ и Дунавка Јованова со текстот „Ромска заедница во скопската населба Злокуќани: домување, образование, вработување“.

Неформалниот дел на конференцијата вклучуваше посета на некогашниот голем влашки центар, разрушениот град Москополе, како и организирани вечерни дружења проследени со народна музика од балканските простори.

Започната како меѓусебна соработка на Заводот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и Универзитетот „Западна Македонија“ од Лерин, Грција, во 2003 година, студентската мрежа „Преминување на границите“ со секоја следна конференција станува сѐ поширока, вклучувајќи сѐ поголем број нови членови. Се зголемува бројот на студентите, но и на универзитетите кои земаат учество во работата и организирањето на средбите, подобрувањето на квалитетот и збогатувањето на содржините. Разменувањето на истражувачките резултати, погледи и идеи, стекнувањето нови и зацврстувањето на пријателствата стекнати на претходните конференции, зборуваат за големото значење на оваа мрежа во развојот на општествените науки, но и на културната соработка на Балканот и пошироко.


6th Border Crossings Conference
Korca, 22-25 May 2008